Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02 ) и член 14, точка 11, од Статутот на Општина Крива Паланка, (Сл.гласник на Општина Крива Паланка 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на ден 14.11.2014 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**За активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт и млади за 2015 година**

I.ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт и млади во 2015 година се:

-Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот.

-Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот.

-Афирмација на Општина Крива Паланка во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

II.АКТИВНОСТИ

При креирање на Програмата активностите ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, подржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати како и подршка на спортови кои се во подем.

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа програма е од Буџетот на Општина Крива Паланка, Агенцијата за млади и спорт, спонзорства, донации и спортски сојузи.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност и интерес ќе се појават во текот на 2015 година ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на Општина Крива Паланка.

IV.ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Крива Паланка спортските манифестации ќе ги помага и со:

-доделување награди и признанија;

-обезбедување стручна, техничка и други видови помош.

На младите ќе им помага преку:

-организирање трибини, форуми, дебати на теми што се од нивен интерес,

-организирање кампањи за здрав начин на живот.

V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Ова Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

| ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | **СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** | Рок | Носител | Агенција за спорт и млади | Сопствени приходи | Општина Кр.Паланка | Др.извори и донации | Вкупно |
| 1. | Првомајски крос | 1.мај | Општина Кр.Паланка и сите училишта | | | | | 40.000,00 |
| 2. | 5М-Меѓународна планинска трансверзала | мај | Општина Кр.Паланка и невладина организација | | | | | 15.000,00 |
| 3. | Планинска трансверзала Царев врв | јуни | Општина Кр.Паланка и ПСД Руен | | | | | 10.000,00 |
| 4. | Отворени забавни фудбалски школи | август | Сојуз на училишни спортови и | | | | | 210.000,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Општина Кр.Паланка | | | | | |
| 5. | Меѓународен турнир во Пинг-Понг | октомври | Општина Кр.Паланка во соработка со Понпонг. клуб | | | | | 40.000,00 |
| 6. | Турнир во Кошарка | По распоред | Кошаркарски клуб | | | | | 40.000,00 |
| 7. | Турнир во тенис | По распоред | Тениски клуб | | | | | 40.000,00 |
| 8. | Турнир во мал фудбал | По распоред | Фудбалски клуб | | | | | 40.000,00 |
| 9. | Турнир во одбојка | По распоред | Одбојкарски клуб | | | | | 40.000,00 |
| 10. | Спортски натпревари за патрон празници на училишта | По утврден календар | Училиштата во соработка со Општина Кр.Паланка | | | | | |
| 11. | Турнир во карате | По утврден календар | Карате клуб | | | | | 40.000,00 |
| 12. | Подршка на училишен спорт – училишни спортски клубови | | Општина Кр.Паланка | | | | | 20. 000,00 |
| 13. | Набавка на спортска опрема и реквизити | | Општина Кр.Паланка | | | | | |
| | **СЕ ВКУПНО** | | | | | | | **535.000,00** |

**Бр.07-2823/41**
**14.11.2014 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**М-р.Борче Стојчевски**